| 401 | Основни плати | 14.555.000 | 17.741.346 | 0 | 0 | 10.933.000 | 10.589.659 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.488.000 | 28.331.005 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 6.559.000 | 7.958.362 | 0 | 0 | 5.015.000 | 5.578.341 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.574.000 | 13.536.703 |
| 404 | Надоместоци | 1.188.000 | 1.188.000 | 0 | 0 | 220.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.408.000 | 1.188.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **3.500.000** | **1.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.500.000** | **1.200.000** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 3.500.000 | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 | 1.200.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
## Ниво: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | Вкупни расходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 637.272.000 | 637.272.000 | 39.993.000 | 36.568.000 | 770.599.254 | 773.097.299 | 67.827.000 | 60.077.000 | 0 | 0 | 1.515.691.254 | 1.507.014.299 |
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| WA | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | | | | | |
| WA0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WA0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс

## Ниво: Ставка

| Категорија / Ставка — О П И С | Буџетски расходи |  | Расходи од самофинансирачки активности |  | Расходи од дотации |  | Расходи од донации |  | Расходи од кредити |  | Вкупни расходи |  |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
|  | 637.272.000 | 637.272.000 | 39.993.000 | 36.568.000 | 770.599.254 | 773.097.299 | 67.827.000 | 60.077.000 | 0 | 0 | 1.515.691.254 | 1.507.014.299 |
| X1 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.200.000 | 0 | 0 | 2.200.000 | 1.200.000 |
| **ПРИХОДИ :** |  |  |  |  |  |  |  |  |  |  |  |  |
| X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1200000 | 1200000 | 0 | 0 | 2.200.000 | 1.200.000 |
| **РАСХОДИ :** |  |  |  |  |  |  |  |  |  |  |  |  |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **800.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.200.000** | **1.200.000** | **0** | **0** | **2.000.000** | **1.200.000** |
| 425 Договорни услуги | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.200.000 | 0 | 0 | 2.000.000 | 1.200.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200.000** | **0** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.200.000 | 0 | 0 | 2.200.000 | 1.200.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **800.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1200000** | **1200000** | **0** | **0** | **2.000.000** | **1.200.000** |
| 425 Договорни услуги | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.200.000 | 0 | 0 | 2.000.000 | 1.200.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200.000** | **0** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 |

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2025 ГОДИНА

Овој ребаланс е со цел преку измена и дополнување на програмите при што се отвара можност за многу поефикасно и порационално искористување на средствата распоредени по програми и конта а при тоа вредностите во основниот буџет не се менуваат а кај буџетот на донации, дотации и самофинасирачки активности ќе има зголемување односно намалување.

**Зголемување ќе има во основниот буџет и тоа кај следните програми и конта:**

**- Програма А0,** Надоместоци конто 404 се зголемува за 40.000,00 денари и сега вкупната програма А0 ќе изнесува 8.538.000,00 денари;

**- Програма Д0**, Градоначалник, конто 464 990, се зголемува за 500.000,00 денари и сега програмата Д0 ќе изнесува 9.932.000,00 денари;

**- Програма ФА**, Уредување на градежно земјиште (капитални расходи), конто 482, Изградба на улици, патишта и автопати, се зголемува за 8.500.000,00 денари и вложување во нефинасиски средства, конто 485 420, Надомест за одземен имот, се зголемува за 4.400.000,00 денари и сега вкупната програма ФА ќе изнесува 70.280.000,00 денари;

**- Програма Ј3**, Поправки и тековно одржување, конто 424 390, се зголемува за 1.000.000,00 денари а истата програма конто 464 се зголемува за 8.000.000,00 денари и сега програмата Ј3 ќе изнесува 37.020.000,00 денари;

**- Програма ЈП**, Капитални субвенции за претпријатија, конто 489 – Трансфери до јавни нефинансиски претпријатија, се зголемува за 15.000.000,00 денари и сега вкупната програма ЈП ќе изнесува 80.000.000,00 денари;

**- Програма В2**, конто 464 990, Разни трансфери се зголемува за 742.080,00 денари и сега програмата В2 ќе изнесува 6.692.080,00 денари;

` **- Програма В1,** конто 427, Привремени вработувања се зголемува за 4.725.000,00 денари и сега програмата В1 ќе изнесува 150.603.046,00 денари;

**Зголемување ќе има кај расходи од дотации и тоа кај следните програми и конта :**

**- Програма К1**, Библиотекарство, кај повеќе конта, се зголемува за вкупно 1.463.688,00 денари и сега вкупната програма К1 ќе изнесува 18.035.001,00 денари;

**- Програма К2**, Музичка и сценско-уметничка дејност, кај повеќе конта, се зголемува за вкупно 308.497,00 денари и сега вкупната програма К2 ќе изнесува 3.848.750,00 денари;

**- Програма В1**, Детски градинки, кај повеќе конта, се зголемува за вкупно 725.860,00 денари и сега вкупната програма В1 ќе изнесува 150.603.046,00 денари;

- **Програма ЈГ,** Изградба на други објекти, конто 482, Изградба на капацитети за водоснабдување, се намалува за 9.200.000,00 денари и сега програма ЈГ ќе изнесува 2.300.000,00 денари;

- **Програма ЈИ**, Изградба на други објекти, Изведба на системи за одведување и прочистување на води, конто 482, се намалува за 10.400.000,00 денари и сега програмата ЈИ ќе изнесува 15.400.000,00 денари;

- **Програма Ј2,** Поправки и тековно одржување, конто 424 – одржување на други градби, се намалува за 5.900.000,00 денари и сега вкупната програма Ј2 ќе изнесува 4.100.000,00 денари;

- **Програма Ј4,** Поправки и тековно одржување, конто 424 – одржување на други градби, се намалува за 8.729.990,00 денари и сега вкупната програма Ј4 ќе изнесува 10,00 денари;

- **Програма Ј7**, Поправки и тековно одржување, конто 424 – одржување на други градби, се намалува за 1.910.000,00 денари и сега вкупната програма Ј7 ќе изнесува 1.090.000,00 денари;

- **Програма ЈН,** Урбана опрема, конто 480 – Купување на опрема и машини, се намалува за 1.076.000,00 денари и сега вкупната програма ЈН ќе изнесува 3.924.000,00 денари;

- **Програма ЈЛ,** Капитални субвенции за претпријатија, конто 489 – Трансфери до јавни нефинансиски претпријатија, се намалува за 2.100.000,00 денари и сега вкупната програма ЈЛ ќе изнесува 7.200.000,00 денари;

- **Програма ЛА**, Други градежни објекти, конто 482, Изградба на други објекти, се намалува за 2.000.000,00 денари и сега програма ЛА ќе изнесува 4.000.000,00 денари;

- **Програма Х0,** Родова еднаквост, конто 425, Договорни услуги, се намалува за 800.000,00 денари и конто 463 – Трансфери до невладини организации се намалува за 200.000,00 денари и сега вкупната програма Х0 ќе изнесува 1.200.000,00 денари;

**Само намалување кај самофинасирачките активности ќе има кај следните програми и конта:**

- **Програма Н1**, Основно образование, конта 42, се намалува за 2.500.000,00 денари и сега вкупната програма Н1 ќе изнесува 458.620.958,00 денари;

- **Програма Н2**, средно образование, конто 425, Договорни услуги, се намалува за 1.000.000,00 денари и сега вкупната програма Н2 ќе изнесува 200.396.544,00 денари;

**Само намалување кај расходи од донации ќе има кај следните програми и конта:**

- **Програма МБ**, Прекугранична соработка, конто 464, се намалува за 7.000.000,00 денари и сега вкупната програма МБ ќе изнесува 48.034.000,00 денари;

- **Програма Н2**, средно образование, конта 42, се намалува за 750.000,00 денари и сега вкупната програма Н2 ќе изнесува 200.396.544,00 денари;

Финансиска служба

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-8122/1
13.11.2025 год.
С т р у м и ц а

Совет на Општина Струмица
Претседател,
Никола Маџунков

**447.**

Врз основа на член 53 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24 ) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за избор на член на Советот на општина Струмица кој ќе**
**учествува во процесот на одлучување за прашања на конфликт**
**на интереси на Градоначалникот на општина Струмица**

**Член 1**

Во случаите на конфликт на интереси, согласно член 53 од Законот за локалната самоуправа, во кои Градоначалникот на општина Струмица Петар Јанков, не може да учествува во процесот на одлучување за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, деца или роднини до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес, се избира членот на Советот на општина Струмица Методија Иванов.

**Член 2**

Изборот на членот на Советот во случаите на конфликт на интереси на градоначалникот, се изврши на начин на кој се избира претседателот на Советот на Општината.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-8167/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**448.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на**
**Славица Димитриевска од Струмица**

**Член 1**

На Славица Димитриевска од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ од 60.000,оо денари, како помош за лекување на нејзината ќерка Нина Димитриевска.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2025 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-8168/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**449.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на**
**Зорица Јованов од Струмица**

**Член 1**

На Зорица Јованов од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ од 60.000,оо денари, како помош за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2025 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-8169/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

## 450.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**Програма**
**за измена на Програмата на Општина Струмица за работа со облиците на месна самоуправа во 2025 година**

1.Во Програмата на Општина Струмица за работа со облиците на месна самоуправа во 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 17/24) се вршат следните измени:

Во Програмата ДА: Месна самоуправа (капитални објекти) износот од „8.800.000,00 денари“ се заменува со износот „6.630.000,00 денари“.

2.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-8170/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

## 451.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**Програма**
**за измена на Програмата за активности во областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година**

**I.**Во Програмата за активности во областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ број 17/24 и 7/25) се врши следната измена:

Во глава **4. Финасирање,** во Програмата **Р1 – заштита на животната средина**, износот „10.350.000 денари“, се заменува со износот „10.651.000,00 денари“.

II.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-8171/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

## 452.

Врз основа на член 124 став 2 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 3/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/1, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**Програма**
**за измена на Програмата за заштита од штетно дејство на водите во 2025 година**

1.Во Програмата за заштита од штетно дејство на водите во 2025 година („Службен гласник на општина Струмица" бр.17/24") се врши следната измена:

Во воведниот дел во табелата на Програма Ј2: Одведување и прочистување на отпадни води износот „10.000,000, 00 денари" се заменува со износот „4.100.000, 00 денари".

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-8172/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков
……………………………..

**453.**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.Весник на РМ" бр. 193/16 и 72/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 12 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе:

**Програма**
**за измена на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година**

**I.**Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица" бр. 17/24 и 7/25) се вршат следните измени:

Во глава:
**VI.ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ОБЛАСТИ И ОБЈЕКТИ**

Во точка 1.**Ф2: Уредување на градежно земјиште ( рушење),** износот „500.000,00 денари" се заменува со износот „1.000,00 денари;

Во точка 2.**ФА: Уредување на градежно земјиште ( капитални трошоци),** износот „53.500.000,00" се заменува со износот „66.400.000,00 денари";

Во точка 4.**ГАБ: Нова населба во турско маало** износот „26.900.000,00 денари" се заменува со износот „5.300.000,00 денари".

Во точка 5.**ГАК: Нов градски пазар, износот** „20.000.000 денари" се заменува со 9.390.000 денари".

Во точка 6.**ЈГ: Изградба на системи за водоснабдување** износот „11.500.000, 00 денари" се заменува со износот „2.300.000,00 денари".

Во точка 7.**ЈИ: Изградба на системи за одведување и прочистување на води** износот „25.800,.000,00 денари" се заменува со износот „15.400.000,00 денари.

Во точка 9.**ЈН: Урбана опрема (капитални трошоци)** износот „5.000.000,00 денари" се заменува со износот „3.924.000,00 денари".

Во точка 10. **ЛАА – Изградба и реконструкција на спортски игралишта**, износот „6.000.000,00 денари" се заменува со „4.000.000,00 денари".

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-8173/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков
……………………………..

**454.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 16/19 и 29/19) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**Програма**
**за измена на Програмата за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Струмица за 2025 година**

**I.**Во Програмата за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ број 17/24 и 7/25) се врши следната измена:

Во глава **IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА** во Програмата Ј7 износот „3.000.000,оо денари“, се заменува со износот „1.090.000,оо денари“.

II.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-8174/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**455.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 16/19 и 29/19) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година**

I. Во Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.17/24) се вршат следните измени:

Во **точка 2:** Одржување на јавното осветлување, во Програмата Ј3 – Јавно осветлување износот „28.020.000,00“ се заменува со износот „37.020.000,00 денари“.

**II.** Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-8175/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**456.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 16/19 и 29/19) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година**

I. Во Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 17/24) се вршат следните измени:

Во **точка 4** Начин на финансирање, во Програмата Ј4 – Јавна чистота износот „8.730.000,00“ се заменува со износот „10,00 денари“.

II. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-8176/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**457.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 16/19 и 29/19) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**Програма**
**за измена на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на социјалната и детската заштита во 2025 година**

1.Во Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на социјалната и детската заштита во 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.17/24) во планираните активности се вршат следните измени:

Во **Програмата V2 – Програма за Социјална заштита**, износот на планираните финансиски средства од „5.950.000,00“ денари се заменува со износ од „6.692.080,00“ денари.

2.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-8177/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**458.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 16/19 и 29/19) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година**

I.Во Програмата за измена на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.17/24) во планираните активности се вршат следните измени:

„Вкупниот износ на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година од „1.000.000“ денари, се заменува со „0,00“ денари.“

II.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-8178/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**459.**

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр.05/02 и “Сл. весник на РСМ” бр.202/24) и член 20 став 1 точка 11 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе:

**Правилник**
**за измена на Правилникот за доделување на стипендии за ученици од основните и средните училишта во Општина Струмица за една наставна година**

Член 1

Во Правилникот за доделување на стипендии за ученици од основните и средните училишта во Општина Струмица за една наставна година објавен во („Службен гласник на Општина Струмица“, со бр.10/22 , 11/23 и 12/24), **членот 2 се менува и гласи:**

„Општина Струмица ќе додели стипендии според сумата предвидена во буџетот на општина Струмица, на редовни ученици во средните општински училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ –Струмица и тоа:

- стипендии на редовни ученици во средните општински училишта и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица, кои во

текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна категорија од областа на природните, техничките и општествените науки, со физичко присуство;

- стипендии на редовни ученици во средните општински училишта и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица, кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс во поединечна категорија од областа на ликовната уметност;

- стипендии на редовни ученици во средните општински училишта и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица, кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна спортска дисциплина, со физичко присуство.

Учениците треба да ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни ученици од I, II, III или IV година во средните општински училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица

2. Да се државјани на Република Северна Македонија

3. Во текот на претходната учебна година да имаат освоена I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна категорија, со физичко присуство, од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот или да имаат освоена I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс во поединечна категорија“.

Член 2

**Членот 3 се менува и гласи:**

„Општина Струмица ќе додели стипендии според сумата предвидена во буџетот на општина Струмица, на редовни ученици во основните општински училишта во општина Струмица и тоа:

- стипендии на редовни ученици во основните општински училишта кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна категорија од областа на природните, техничките и општествените науки, со физичко присуство;

- стипендии на редовни ученици во основните општински училишта кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс во поединечна категорија од областа на ликовната уметност;

- стипендии на редовни ученици во основните општински училишта кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна спортска дисциплина, со физичко присуство;

- стипендии на редовни ученици во основното општинско музичко училиште „Боро Џони“ - Струмица, кои во текот на претходната учебна година освоиле лауреат, апсолутна прва награда или специјална награда од меѓународен натпревар или прво место или I, II или III награда на државен натпревар, во поединечна категорија, со физичко присуство.

Учениците треба да ги исполнуваат следните услови:

1.Да се редовни ученици во основните општински училишта во општина Струмица

2.Да се редовни ученици во I година во средните училишта, кои во претходната учебна година, како ученици во IX одделение во ООМУ „Боро Џони“ Струмица освоиле награда или лауреат, согласно критериумите во Правилникот.

3.Да се државјани на Република Северна Македонија

4.Во текот на претходната учебна година да имаат освоена I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна категорија, со физичко присуство, од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот или да имаат освоена I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс во поединечна категорија од областа на ликовната уметност, а за учениците во општинското основно музичко училиште „Боро Џони“ -Струмица, во текот на претходната учебна година, во поединечна категорија, со физичко присуство, да имаат освоено лауреат, апсолутна прва награда или специјална награда од меѓународен натпревар или

прво место или I, II или III награда на државен натпревар.

Член 3

**Членот 4 се менува и гласи:**

„Критериум за доделување на стипендиите се освоена поединечна награда или диплома на меѓународни, државни, регионални или општински натпревари, односно ликовни конкурси, во текот на претходната учебна година, со физичко присуство.

За освоена I (прва), II (втора) или III (трета) награда или диплома во поединечна категорија, со физичко присуство, на меѓународни натпревари за учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) се вреднува со 15 бодови

-I (прва) освоена награда на меѓународен натпревар се вреднува со 12 бодови

-II (втора) освоена награда на меѓународен натпревар се вреднува со 11 бодови

-III(трета) освоена награда на меѓународен натпревар се вреднува со 10 бодови

За освоени прва, втора или трета награда или диплома во поединечна категорија, со физичко присуство, на државен, регионален или општински натпревар за учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица, од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот, доделени од акредитирани здруженија на наставници за организирање на ученички натпревари за основно и средно образование од страна на Министерството за образование и наука, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-I (прва) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 9 бодови

-II (втора) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 8.5 бодови

-III (трета) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 8 бодови

-I (прва) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 7.5 бодови

-II (втора) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 7 бодови

-III (трета) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 6.5 бодови

-I (прва) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 6 бодови

-II (втора) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 5.5 бодови

-III (трета) освоена награда на општински натпревар со 5 бодови

За освоени прва, втора или трета награда или диплома во поединечна категорија, со физичко присуство, на државен, регионален или општински натпревар за учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица, од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот, доделени од други здруженија, институции и организации, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-I (прва) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 4.5 бодови

-II (втора) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 4 бодови

-III (трета) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 3.5 бодови

-I (прва) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 3 бодови

-II (втора) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 2.5 бодови

-III (трета) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 2 бодови

-I (прва) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 1.5 бодови

-II (втора) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 1 бодови

-III (трета) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 0.5 бодови

За освоени прва, втора или трета награда или диплома во поединечна категорија, за учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс од областа на ликовната уметност, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-I (прва) освоена награда на меѓународен ликовен конкурс се вреднува со 8 бодови

-II (втора) освоена награда на меѓународен ликовен конкурс се вреднува со 7.5 бодови

-III (трета) освоена награда на меѓународен ликовен конкурс се вреднува со 7 бодови

- I (прва) освоена награда на државен ликовен конкурс се вреднува со 6.5 бодови

-II (втора) освоена награда на државен ликовен конкурс се вреднува со 6 бодови

-III (трета) освоена награда на државен ликовен конкурс се вреднува со 5.5 бодови

-I (прва) освоена награда на регионален ликовен конкурс се вреднува со 5 бодови

-II (втора) освоена награда на регионален ликовен конкурс се вреднува со 4.5 бодови

-III (трета) освоена награда на регионален ликовен конкурс се вреднува со 4 бодови

-I (прва) освоена награда на општински ликовен конкурс се вреднува со 3.5 бодови

-II (втора) освоена награда на општински ликовен конкурс се вреднува со 3 бодови

-III (трета) освоена награда на општински ликовен конкурс се вреднува со 2.5 бодови

За освоени награди на меѓународен натпревар, во поединечна категорија, со физичко присуство, за учениците од основното општинско музичко училиште „Боро Џони“ -Струмица, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-освоен лауреат на меѓународен натпревар (на цел натпревар) се вреднува со 10 бодови;

-освоен лауреат (на категорија) на меѓународен натпревар се вреднува со 8 бодови;

-освоена специјална награда во категорија, на меѓународен натпревар се вреднува со 8 бодови;

-освоена апсолутна прва награда на меѓународен натпревар се вреднува со 7 бодови;

-освоена прва награда или лауреат прв степен на меѓународен натпревар се вреднува со 5 бодови;

-освоена втора награда или лауреат втор степен на меѓународен натпревар се вреднува со 3 бодови;

-освоена трета награда или лауреат трет степен на меѓународен натпревар се вреднува со 1 бод.

За освоени награди на државен натпревар, доделени од акредитирани здруженија на наставници за организирање на ученички натпревари за основно образование од страна на Министерството за образование и наука, во поединечна категорија, со физичко присуство, за учениците од основното општинско музичко училиште „Боро Џони“ -Струмица, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-освоено прво место на државен натпревар се вреднува со 8 бодови;

-освоена специјална награда на државен натпревар се вреднува со 7 поени;

-освоена прва награда на државен натпревар се вреднува со 6 бодови;

-освоена втора награда на државен натпревар се вреднува со 4 бодови;

-освоена трета награда на државен натпревар се вреднува со 2 бодови;

Доколку ученикот има освоено награди/дипломи на повеќе натпревари од ист наставен предмет, во предвид ќе се земаат сите освоени награди на сите натпревари (општински, регионален, државен и меѓународен натпревар).

Доколку има повеќе кандидати со ист број на бодови, предност ќе имаат кандидатите кои имаат освоена награда на повисоко ниво.

Доколку и после спроведената селекција на кандидатите, се уште има кандидати со ист број на бодови, предност ќе имаат кандидатите запишани во повисока година/повисоко одделение од своето образование.

Комисијата може да утврди и дополнителни критериуми, доколку има повеќе кандидати со ист број на бодови.

Секој заинтересиран ученик може да се пријави на јавниот повик само за еден наставен предмет од областа на: природни науки, технички науки, општествени науки, спорт, ликовна уметност или музичка уметност.

Член 4

**Членот 8 се менува и гласи:**

Висината на стипендијата за учениците во средното образование изнесува 2.500,00 денари месечно и ќе се исплаќа на девет еднакви рати, на трансакциска сметка на родителот/старателот, започнувајќи од почетокот до крајот на наставната година.

Висината на стипендијата за учениците во основното образование изнесува 2.000,00 денари месечно и ќе се исплаќа на девет еднакви рати, на трансакциска сметка на родителот/старателот, започнувајќи од почетокот до крајот на наставната година.

Средствата за исплата на стипендии за една наставна година за учениците ќе се обезбедуваат од Буџетот на општина Струмица.

Член 5

**Членот 9 се менува и гласи:**

„Комисијата за доделување на стипендии за ученици од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица, ја формира Градоначалникот на Општина Струмица и брои 5 членови и 5 заменици членови. Комисијата се формира пред објавувањето на јавниот повик.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Струмица и во средствата за јавно информирање во општина Струмица, во текот на тековната наставната година, а се однесува за претходната наставна година за која се доделуваат стипендиите“.

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-8179/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**460.**

Врз основа на член 20-б став 1 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 ,16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица за 2026 година**

1. Се дава согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица за 2026 година, бр. 01-580/1 од 03.11.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-8180/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**461.**

Врз основа на член 20-б став 1 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 ,16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица за 2026 година**

1. Се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица за 2026 година, бр. 01-1171/1 од 04.11.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-8181/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**462.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 29 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за работа на Општинската јавна установа - Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Јоска Свештарот“ Струмица за 2026 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на Општинската јавна установа - Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Јоска Свештарот“ Струмица за 2026 година, број 02-274/3 од 31.10.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-8182/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**463.**

Врз основа на член 21-б став 1 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.11.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за одобрување на Предлог - Планот на програмите за развој за 2026 година**

1.Се одобрува Предлог- Планот на програмите за развој за 2026 година.

2.Одобрениот Предлог- План на програмите за развој за 2026 година е составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2026 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-8183/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков

……………………………..

**464.**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седница одржана на 13.11.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за третиот квартал од 2025 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за третиот квартал од 2025 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Кварталниот извештај составен на образец К1, К2 и К3.

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-8184/1 Совет на општина Струмица
14.11.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Никола Маџунков
……………………………..